Ваш деловен соработник во светот на бизнисот
БИЗНИС ИНФО
102 години
Број 574 www.mchamber.mk 04.10.2024

# СТАРТУВА СО РАБОТА ТРЕНИНГ ЦЕНТАРОТ ЗА ИЗВОЗ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА, ИНТЕРЕСОТ НА ФИРМИТЕ ОГРОМЕН






## Во Штип презентирани можностите за сончева енергија и финансирање преку EIB7



09.10.2024, Форум МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ ЗА МАШИНИ – IMF24

09.10.2024, Обука Тридневна бесплатна обука на тема: ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ БИЗНИС

10.10.2024, Саем Покана за EXPO 2025 Osaka

15.10.2024, Семинар Дводневна бесплатна обука на тема:РАЗВИВАЊЕ ИЗВОЗНИ СТРАТЕГИИ

16.10.2024, Обука Дводневна бесплатна обука на тема: ДИЈАГНОСТИКА НА КОМПЕТЕНЦИИТЕ ЗА ИЗВОЗ 15-16 октомври 2024 година

17.10.2024, Обука Еднодневна специјалистичка обука на тема: ЛИДЕРСКИ ВЕШТИНИ – ЛИДЕРОТ ВО СЕКОЈ ОД НАС

17.10.2024, Обука Еднодневна обука на тема: ОТКЛУЧУВАЊЕ НА БИЗНИС УСПЕХОТ СО ОПЕРАЦИОНИ ИСТРАЖУВАЊА: СОВЛАДУВАЊЕ НА

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители

достапни насекаде ...

Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

https://www.facebook.com/chamber.mk
https://www.twitter.com/Chamber_MK
https://www.youtube.com/user/MKChamber
https://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# СТАРТУВА СО РАБОТА ТРЕНИНГ ЦЕНТАРОТ ЗА ИЗВОЗ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА, ИНТЕРЕСОТ НА ФИРМИТЕ ОГРОМЕН



*Тренинг центарот, воспоставен како дел од Институтот за извоз при Стопанската комора на Северна Македонија, започнува со две паралелни обуки за компаниите кои сакаат да ги унапредат своите извозни капацитети. Програмите се наменети како за почетници во извозот, така и за веќе постојни извозници, обезбедувајќи им практични знаења и експертиза за подобар пристап на меѓународните пазари.*

Тренинг центарот на Институтот за извоз, воспоставен во рамки на „Проектот за поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција“, кој Комората го реализира во партнерство со УСАИД, почнува со две паралелни обуки од вкупно единаесет, во рамки на двете програми, „Како да започнете со извоз на меѓународни пазари“ и „Извозен менаџмент“. Во рамки на првите две обуки „Меѓународен бизнис и меѓународни односи„ и „Анализа, пристап и модели на влез на странски пазари“, кои се реализираат бесплатно за претставниците



на компаниите, интересот е исклучително голем за двете обуки, и затоа се повикуваат компаниите навремено да ги следат објавите за обуки кои ќе следат и во наредниот период. Уникатната вредност која овие обуки ја имаат за учесниците е во испорака на знаења и вештини пренесени од истакнати домашни и странски експерти – неколку претставници од академската фела и повеќето со работно искуство во приватниот сектор, со што се прави ефикасен спој на теоретски и практичен пристап во изведување на обуките.

Фокусот на Тренинг центарот е развивање на човечките ресурси во областа на надворешно-трговското работење, преку испорака на обуки и модули на теми кои се од големо значење за организирање на извозното работење. Обуките во рамки на првата програма „Како да започнете со извоз на меѓународни пазари" е наменета за компании кои сакаат да започнат извозни активности, но немаат доволно знаења за да го направат тоа, додека втората „Извозен менаџмент", е наменета за постојни извозници кои сакаат да го унапредат своето работење и да го прошират опсегот на земји/пазари на кои ќе ги пласираат своите производи.

Паралелно со Тренинг центарот во рамки на Институтот за извоз ќе делува уште една целина, Центар за истражувања и анализи (Аналитички центар), преку кој ќе се испорачува стручна експертиза за поддршка на компаниите и консултански услуги за подготовка на компании за настап на странски пазари, преку обезбедување на анализи кои ќе го олеснат пристапот на компаниите до информации кои влијаат врз носењето на деловни одлуки.

Согласно планот, единаесетте обуки од двете програми е планирано да се реализираат до средината на идната година согласно потребите на компаниите и






расположливоста на капацитетите и паралелно да се обучат 600 лица од извозни или потецијало извозни компании. Покрај овие две обуки / модули „Меѓународен бизнис и меѓународни односи„ и „Анализа, пристап и модели на влез на странски пазари", останатите се: Економски аспекти на меѓународниот бизнис; Дијагностика на компетенции за извоз; Маркетинг за извозна промоција; Задолжителни правила и правни аспекти при извоз; Царински постапки, меѓународен транспорт и логистика; Развивање на извозни стратегии и Водење на финансии на извозна компанија, кои вкупно во себе опфаќаат 51 тема од 11-те модули.

Стопанската комора на Северна Македонија, со креирање на Институтот за извоз и почетокот со работа на Тренинг центарот согласно концептот „Комора на иднината", во својот фокус на работење покрај другото, ги издигнува барањата и потребите на извозно-ориентираните компании за пристап до соодветни знаења, вештини и експертиза во областа на надворешно-трговското работење. Институтот за извоз е формиран во Комората во услови на недостиг на професионално тело чии заложби ќе бидат насочени кон поддршка на градењето на кадровските капацитети на македонските извозно-ориентирани компании.

Преку проектот "Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција", УСАИД ја поддржува Стопанската комора на Северна Македонија во напорите да овозможи подобра интеграција на бизнисите во регионалните и глобалните вредносни синџири и засилување на нивниот капацитет за да бидат конкурентни на Западниот Балкан и пошироко во ЕУ. Идејата е да се создадат алатки за јавно-приватен дијалог, промоција на придобивките од регионалната економска интеграција на деловната заедница, истражување и унапредување на можностите за извоз и обезбедување одржливи услуги за извозните компании.

# Во Штип презентирани можностите за сончева енергија и финансирање преку EIB7



Компании од различни сектори во Штип имаа можност да се запознаат со најсовремените соларни технологии и условите за финансирање преку кредитната линија EIB7, насочени кон поттикнување на употребата на обновливи извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност

Во салата на општина Штип се одржа промотивниот настан “Сончева енергија за вашиот бизнис”, на кој присуствуваа компании од различни индустрии, вклучувајќи преработувачка и текстилна индустрија, како и компании од енергетскиот сектор. Настанот беше организиран од Стопанската комора на Северна Македонија, со поддршка на консултантскиот тим (adelphi, IPC и iC consulenten) и кредитната линија EIB7.

Целта на настанот беше да ги поттикне локалните бизниси да се пренасочат кон обновливи извори на енергија, намалувајќи го јаглеродниот отпечаток. Присутните имаа можност да се запознаат со најновите технологии за фотоволтаици и батерии на македонскиот пазар и да разменат искуства со експерти од индустријата за соларна енергија.

Проф. д-р Кочо Анѓушев, сопственик на Фероинвест, одржа презентација за соларни решенија, прилагодени на енергетските потреби на компаниите. Учесниците поставуваа прашања и добија одговори на теми како: „Како да се избегнат типични грешки при инсталација на соларни системи?“, „Кој е најдобриот систем за складирање енергија?“ и „Како да се аплицира за финансирање преку EIB7?“.

Кредитната линија EIB7, имплементирана во соработка со Развојната Банка на Северна Македонија и локалните комерцијални банки, е наменета за подобрување на енергетската ефикасност и проекти за обновлива енергија за микро, мали и средни компании. EIB7 нуди поволни услови за финансирање, вклучувајќи ниски каматни стапки, грејс период и долги рокови за исплата. Заинтересираните компании можат да аплицираат за финансирање преку петте партнерски банки: Комерцијална банка, НЛБ банка, ПроКредит банка, Стопанска банка и Шпаркасе банка.

Кредитната линија EIB7 изнесува 100 милиони евра и е наменета за намалување на јаглеродниот отпечаток и за поддршка на малите бизниси во создавање на отпорност кон климатските промени.

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**09.10.2024 , Форум**

## МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ ЗА МАШИНИ – IMF24

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Стопанската комора на Австрија и со Трговското одделение при Амбасадата на Република Австрија во Република Македонија, во рамките на проектот Enterprise Europe Network ве покануваат да бидете дел од претстојниот Меѓународен форум за машини 2024, што ќе се одржи од 9 до 11 октомври 2024 година во Виена, во просториите на Стопанската комора на Австрија.

Овој меѓународниот форум за машини 2024 има цел размена на знаење и на искуства за најновите трендови во технологијата за машини и вклучува деловни средби со учесници од околу 80 земји, при што присутните ќе имаат можност да остварат директни деловни контакти со потенцијални партнери, добавувачи и идни потрошувачи, како и да споделат искуства со експерти за примена на најновите машини и технологии.

Меѓународниот форум за машини 2024, како хибриден настан, ќе се одржи од 9 до 11 октомври 2024 година во Виена, во просториите на Стопанската комора на Австрија.

Доколку сакате да учествувате на овој настан, како и на деловните средби, задолжително треба да се регистрирате на следниот линк: https://www.machineryforum.at/signup, каде што можете да ги погледнете сите пријавени компании, програмата и сите други релевантни информации во врска со настанот.

Настанот е поддржан и од go-international, заедничка иницијатива на австриското Сојузно министерство за труд и економија и на Австриската федерална стопанска комора.

Рокот за пријавување и за регистрација е до 9.10.2024 година.

Контакт лица:

Сашка Велков
Тел. + 389(2)3 244-054
E-mail: sashka@mchamber.mk

Ирена Мојсовска
Тел: +389(2)3 244-009
E-mail: irena@mchamber.mk

БИЗНИС ИНФО 

**09.10.2024 , Обука**

## Тридневна бесплатна обука на тема: ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ БИЗНИС

Институтот за извоз при Стопанската комора на Северна Македонија, во рамките на партнерството со УСАИД преку проектната активност „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција“, кој има цел да поттикне зајакнување на капацитетите на македонските компании за поуспешна регионална соработка и за нивно поврзување во нови партнерства, организира бесплатна обука на тема:ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ БИЗНИС. Обуката ќе се реализира во Стопанската комора на Северна Македонија од 7 до 9 октомври 2024 година во сала 4 на 5-ти кат.



**10.10.2024 , Саем**

# Покана за EXPO 2025 Osaka

Во организација на Владата на РС Македонија, Стопанската комора на Северна Македонија Ве поканува да се претставите на EXPO 2025 Osaka, како еден од најголемите најавени светски саемски настани, кој ќе се одржи од 13.04.2025 – 13.10.2025 во Осака, Јапонија.

Тема на EXPO 2025 Osaka е People's Living Lab – A Laboratory for future society, лабараторија за креирање нова визија на соци-економскиот систем преку споделување на идеи од сите луѓе во светот.

Содржината на програмата на EXPO 2025 Osaka ќе се одвива во рамки на 184 дена на неколку подтеми:

- Спасување на животи (Saving lives)
- Зајакнување на животи (Empowering lives)
- Поврзување на животи (Connecting lives)

Повеќе информации за саемот ќе најдете на https://www.expo2025.or.jp/en/.




Контакт лица:
Билјана Лепавцова
international@mchamber.mk
тел. 02 2344 050



**15.10.2024 , Семинар**

# Дводневна бесплатна обука на тема: РАЗВИВАЊЕ ИЗВОЗНИ СТРАТЕГИИ

Институтот за извоз при Стопанската комора на Северна Македонија, во рамките на партнерството со УСАИД преку проектната активност „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција", кој има цел да поттикне зајакнување на капацитетите на македонските компании за поуспешна регионална соработка и за нивно поврзување во нови партнерства, организира бесплатна обука на тема „Развивање извозни стратегии". Обуката ќе се реализира во Стопанската комора на Северна Македонија од 15 до 16 октомври 2024 година во сала 1 на петти кат.

Целта на обуката е учесниците од компаниите:

- да се запознаат со етапите во процесот на развивање успешни стратегии за настап на странски пазари, засновани на оптимизиран маркетинг-микс на малите и средни претпријатија;
- да ги разберат елементите во процесот на планирање освојување странски пазар, што е клучно за проценка на потенцијалните придобивки и ризици од извозните операции;
- да научат како да се интегрираат успешно во глобалните синџири на снабдување, фокусирајќи се на стратегиите за партнерства, иновации и за управување со ризици во глобалната економија;
- да ги разберат деловните стратегии приспособени на фазите на интернационализација, имајќи ги превид ресурсите на компанијата и барањата на странскиот пазар;
- да истражуваат методи и техники кои им овозможуваат на малите и средни претпријатија (МСП) и на големите мултинационални претпријатија да развијат соодветни меѓународни деловни стратегии за одредени странски пазари;
- да се здобијат со вештини потребни за усогласување на начините за влез на странските пазари со соодветните меѓународни маркетинг-стратегии.

Целна група: обуката е наменета за претставници од компаниите постојни извозници кои сакаат да го унапредат своето работење и да го прошират опсегот на земји/пазари на кои ги пласираат своите производи или да го потврдат своето знаење во делот на извозните активности низ призмата на искуството на експерти и на практичари од областа.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова,
телефон: 070 239 637
beti@mchamber.mk

**16.10.2024 , Обука**

# Дводневна бесплатна обука на тема: ДИЈАГНОСТИКА НА КОМПЕТЕНЦИИТЕ ЗА ИЗВОЗ

Институтот за извоз при Стопанската комора на Северна Македонија, во рамките на партнерството со УСАИД преку проектната активност „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција“, кој има цел да поттикне зајакнување на капацитетите на македонските компании за поуспешна регионална соработка и за нивно поврзување во нови партнерства, организира бесплатна обука на тема „Дијагностика на компетенциите за извоз“. Обуката ќе се реализира во Стопанската комора на Северна Македонија од 15 до 16 октомври 2024 година во сала 4 на петти кат.

Целта на обуката е учесниците од компаниите:

- да се запознаат со можностите за меѓународно трговско работење, со елементите на меѓународниот бизнис, како и со придобивките и факторите што влијаат врз степенот на успешност на извозната активност;
- да се здобијат со знаења за клучните аспекти при оценувањето на способноста на компанијата за проширување на странски пазари, вклучувајќи анализа на интерните капацитети, конкурентноста и на потребните подготовки за меѓународен настап;
- да ги осознаат културолошките елементи и нивното влијание врз меѓународното трговско работење;
- да се запознаат со бизнис-етиката во меѓународното трговско работење;
- да ги разберат преговарачките стратегии и тактики низ различни контексти и ситуации;
- да добијат претстава за меѓукултурните разлики и за нивното влијание врз стратегиите и врз тактиките на меѓународните преговори.

Целна група: обуката е наменета за ситепретставници од компаниите кои започнуваат со извоз или сакаат да се прошират на нови пазари и за оние компании кои сакаат да го усовршат и да го надградат своето знаење или да го потврдат во делот на извозните активности низ призмата на искуството на експерти и на практичари во областа.

Контакт лица:

м-р Михајло Донев
тел: 02/3244-067
е-адреса: mihajlo@mchamber.mk

м-р Ивана Анчев
тел: 02/3244-051
е-адреса: ivana@mchamber.mk



**17.10.2024 , Обука**

# Еднодневна специјалистичка обука на тема: ЛИДЕРСКИ ВЕШТИНИ – ЛИДЕРОТ ВО СЕКОЈ ОД НАС

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со D.R Gilbert Center Group ДОО Белград, Р.Србија, на 17 октомври 2024 година, организира еднодневна специјалистичка обука на тема: ЛИДЕРСКИ ВЕШТИНИ – ЛИДЕРОТ ВО СЕКОЈ ОД НАС - Како да ги унапредите лидерските вештини и успешно да ги водите своите соработници и да разберете како функционира Z - генерација?

„Начинот на кој вработените ги третираат муштериите, е одраз на начинот на кој нив ги третира раководството.“

Зашто ја препорачуваме оваа обука?

Бидејќи на работа има многу шефови, а многу малку прави лидери. Додека првите се ориентирани на форма(позиција, титула) и ги бараат своjте права, правите лидери се насочени на достигнување, резултати, мисија и поголеми цели. Правите лидери се ориентирани на одговорност, а не на своjте права. Тие драстично може да го променат квалитетот и продуктивноста на една организација.

За кого е наменета обуката?

Специјалистичката обука е наменета за топ менаџери, директори и раководители од сите нивоа и сектори во организацијата, менаџери и вработени во секторите за човечки ресурси, како и за други лица кои сакаат да ги зголемат своите лидерски вештини.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова,
телефон: 070 239 637
beti@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD ISO 9001:2015

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

102
години



Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088